Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Седумдесет и четвртата седница на Владата
на Република Северна Македонија,
одржана на 29 мај 2021 година

Скопје, мај 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 29 мај 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 9:50 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, како и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и д-р Ирена Стефоска, министер за култура .

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Известувањето за спроведените активности од страна на Министерството за транспорт и врски во врска со Предлогот на закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, со предлог за повлекување на истиот од собраниска постапка

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата го разгледа Известувањето за спроведените активности од страна на Министерството за транспорт и врски во врска со Предлогот на закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, со предлог за повлекување на истиот од собраниска постапка и по истото заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, по скратена постапка.

### Точка 2

По оваа точка немаше предлози.

### Точка 3

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 10:00 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**